Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Комисија за односи со верските заедници
и религиозни групи
Komisioni për Marrëdhënie me Bashkësitë Fetare dhe
Grupet Religjioze
Бр. - Nr 03-382/1
24.06.2026 год. - viti
Скопје / Shkup

Бр. _____

Скопје, ____ . ____. 2026 година

Врз основа на член член 49 став 2, член 50 и член 55 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен Весник на Република Македонија“ бр. 58 / 00, 44 / 02, 82 / 08, 167 / 10, 51 / 11 и „Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр. 96 / 19 и 110 / 19) и член 34 став 2 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27 / 14, 199 / 14, 27 / 16, 35 / 18 и 198 / 18 и „Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр. 143 / 19, 14 / 20 и 208 / 24), а во врска со член 24 од Законот за лобирање (Службен Весник на Република С. Македонија бр. 122/21) и согласно член 24 став 1 од Законот за лобирање и Правилникот за уредување на правила за постапување во согласност со Законот за лобирање (арх.бр. 01-302/1 од 23.06.2022 година), Директорот на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

за назначување на лице за водење на евиденција на лица кои остваруваат контакти за лобирање во КОВЗРГ

1. **СЕ НАЗНАЧУВА** административниот службеник Наташа Ниќифоровиќ, вработена во Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи со звање **Советник за планирање и за други стручни и протоколарни задачи**, во Сектор за прашања на црква, верска заедница и религиозна група и стручна поддршка за овластено лице за водење евиденција на лица кои остваруваат контакти за лобирање во Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи.

2. Административниот службеник од точка 1 од ова Решение се обврзува работните задачи и обврски да ги извршува совесно, одговорно и во согласност со одредбите од Законот за лобирање и Правилникот за уредување на правила за постапување во согласност со членот 24 од Законот за лобирање.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

КОВЗРГ

Комисија за односи со верските заедници и религиозни групи
+389 2 3226 777
www.kovz.gov.mk

Ул. „Бихаќка“ бр. 2
Палата Емануел Чучков
влез 1 кат 2, 1000 Скопје
Република Северна Македонија

Образложение

Во согласност со членот 24 став 1 од Законот за лобирање, кој предвидува дека органите кај кои се лобира се должни со внатрешни акти да утврдат процедури, односно правила со кои ќе се уредат: остварувањето и евиденцијата на контактите со цел лобирање, идентификувањето и евиденцијата на лицата кои остваруваат контакти во институциите, транспарентни процеси на подготвување, донесување и изменување на јавни политики, односно програми, закони или подзаконски или други општи акти, што вклучуваат објавување на податоци за идентитетот на сите учесници во процесот, субјектите чии интереси биле застапувани, условите под кои учеството било остварено и исплатените надоместоци за истото, како и проактивно објавување на соопштенија за остварени официјални средби и состаноци, со податоци за присутните учесници и предметот на дискусија, Директорот на Комисијата донесе Правилник за уредување на правилата за постапување во согласност со Законот за лобирање.

Оттука, врз основа на донесениот Правилник, а во согласност и со член 34 став 2 од Законот за вработени во јавниот сектор, кој предвидува дека административниот службеник врз основа на задолжение во писмена форма од непосредно претпоставениот или раководното лице на институцијата се должни да извршуваат и работи и работни задачи кои не се содржани во нивниот опис и попис на работни задачи согласно систематизацијата на работните места во институцијата, а кои се соодветни со нивните професионални квалификации и способности, Директорот на Комисијата донесе одлука како во диспозитивот.

Директор
Оливера Трајковска

Доставено до:
- Именуваниот
- Архива